**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ОСНОВЕН СУД КИЧЕВО**
**СУ.бр.0103- 60/2011**
**25.01.2011 година**
**К и ч е в о**

# И З В Е Ш Т А Ј

## ЗА РАБОТА НА ОСНОВНИОТ СУД КИЧЕВО

## ЗА 2010 ГОДИНА

**КИЧЕВО ЈАНУАРИ 2011 ГОДИНА**

## ОСНОВЕН СУД КИЧЕВО

### ВОВЕД

ОСНОВНИОТ СУД ВО КИЧЕВО како самостоен и независен државен орган во рамките на судскиот систем и во 2010 година ја вршеше својата судска функција врз основа на Уставот, Законите и Меѓународните договори, ја обезбедуваше примената на правото, заштитата на човековите слободи и права во рамките на својата основна надлежност.

Согласно основната надлежност во извештајната 2010 година за работата на Основниот суд во Кичево во овој извештај ќе бидат дадени податоци за обемот за работата на судот за 2010 година, ажурноста во работењето на судот, квалитетот за работата на судот.

### ОБЕМ НА РАБОТА

Обемот на работа во судот ги опфака предметите за работа од целокупната стварна надлежност на судот прикажани преку сумарниот преглед на предметите по области, опис на предметите по области, нерешени предмети од претходната година, примени предмети во 2010 година, вкупно предмети во работа во 2010 година, решени предмети во 2010 година и односот на намалувањето односно зголемувањето на незавршени предмети на 31.12.2010 година во однос на нерешени предмети на 01.01.2010 година.

### ДВИЖЕЊЕ НА ОБЕМОТ НА РАБОТА ВО СУДОТ

На 01.01.2010 година останати предмети од претходната година во овој суд има 2678, примени нови во 2010 година има 12.940, или вкупно во работа биле 15.618,од кои решени се 13.070 предмет, или 83,68%, а останале нерешени 2.548 предмети или 16,31%.

Поради изменетата надлежност на овој суд односно воведување од проширена во основна надлежност и непостапување по определени предмети нормално се очекуваше и намалување на приливот на предметите за разлика од претходните години.

. /.

Споредбено со претходната година може да се каже дека во 2010 година намален е приливот на предметите по сите основи, а исто така од 2009 година останати се нерешени 2678 предмети , а додека на крајот на 2010 година останати се нерешени 2548 предмети , што значи имаме намалување на заостатокот на предметите.

## ДВИЖЕЊЕ НА ОБЕМОТ НА РАБОТА НА СУДОТ

### КРИВИЧЕН ОДДЕЛ

### ИСТРАГИ

Во текот на 2010 година примени се во работа 34 истражни предмети заедно со нерешените 3 истражни предмети од претходната 2009 година. Судот во извештајната година постапувал во 37 истражни предмети од кој решил 35 или 94,59%, а останале на крајот на годината за решавање 2 истражни предмети или 5,40%.

Во однос на претходната година 2009 кога во работа имало 27 истражни предмети, во извештајната година обемот на истражните предмети е зголемен 10 истражни предмети.

### ИСТРАЖНИ ДЕЈСТВИЈА

Од претходната 2009 година останале 9 нерешени предмети, примени во работа во 2010 година се 118 предмети или вкупно во работа во 2010 година имало 127 предмети - истражни дејствија, завршени се вкупно 112 предмети, или 88,18% ,а останале за решавање уште 15 истражни дејствија, или 11,81%.

Вообичаени проблеми во работењето на истражниот судија за водење на истрагите и истражните дејствија се големиот број на предмети за кој е потребно вештачење од страна на Бирото за судски вештачења и ненавремено доставување на наод и мислење, отсутност на лицата од местото на живеење, односно претежен број на осумничените лица се во странство, не се достапни до органите, а има проблеми и по однос на одзивот на осомничените на поканите на судот и доставата.

### КРИВИЧНИ ПРЕДМЕТИ ПРОТИВ ПОЛНОЛЕТНИ ЛИЦА

Од 2009 година од овој вид на предмети останале нерешени 81 предмети, примени во извештајната 2010 година се 336 предмети или вкупно во работа биле 417 предмети од нив се решени 271 предмети, или 64,98 %, а останале за решавање уште 146 предмети или 35,01%, против полнолетни лица.

## РАЗНИ КРИВИЧНИ ПРЕДМЕТИ

Во извештајната година овој суд постпаувал и по разни кривични предмети во кој спаѓаат: кривичните помолници, во работа биле 48, решени се 48 во извештајната година, а останале нерешени 4 предмети, разни истражни дејствија и кривични предмети по уписник „КР„ одлуки на кривичен совет „КС„ условен отпуст и прекин на казна „УОПК„, помилување, вонредно ублажување на казна, вонредно преиспитување на правосилна пресуда и повторување на кривичната постапка, во извештајната година од овој вид на предмети вкупно во работа биле 184 предмети од кој решени се 174 предмети, а останале за решавање уште 10 предмети.

## ПРЕКРШОЧНИ ПРЕДМЕТИ

На 01.01.2010 година останале нерешени 401 предмети. Примени во работа во извештајната година се 2.352 предмет или вкупно во работа во 2010 година биле 2753 прекршочни предмети.

Во 2010 година се решени 2364 предмети или 85,86%, предмети, а останале за решавање уште 389 предмети или 14,13%.

## ИЗВРШУВАЊЕ НА САНКЦИИ

На 01.01.2010 година останале неизвршени 897 предмети, во кои спаѓаат извршни кривични парични казни, извршни прекршочни, затворски предмети, мерки на безбедност.

Ново примени во текот на извештајната година има 1505 предмети, вкупно во работа биле 2402 предмети, од кои решени се 1586 предмети, останати се за решавање 816 предмети.

[illegible] Државното правобранителство .

На ниво на кривичен оддел може да се констатира дека во претходната година останале нерешени 1403 предмети, ново примени предмети во кривичен оддел се 6414 предмети, вкупно во работа во извештајната година биле 7817 предмети, од кои решение се 6435 предмети, или 82,32%, а останале нерешени 1382 предмети, или 17,67%.

**ГРАЃАНСКА ОБЛАСТ**

На 01.01.2010 година останале нерешени 255 предмети, ( спорови од мала вредност, имотни спорови-основна надлежност, семејни спорови, работни спорови, платни налози, платни налози по приговор и стечај), примени во извештајната година се 2901 предмети , или вкупно во работа биле 3156 предмети, од кои решени се 2783 предмети, или 88,18% а останале за решавање уште 373 предмет, или 11,81%.

**ВОНПРОЦЕСНИ ПРЕДМЕТИ**

На 01.01.2010 година останале 6о предмети( ППНИ, разни граѓански предмети, ЗАВ Х апостили, ЗАВ НД, Замолници, оставини, физички делби, останати ВПП предмети,) а примени во извештајната година се 2690 или вкупно во работа биле 2750 предмет, од кои решени се 2642 предмети, или 96,о7 %,а останале за решавање уште 108 предмети или 3,92%.

**ИЗВРШНИ ПРЕДМЕТИ**

На 01.01.2010 година од овој вид на предмети останале нерешени 960 предмети, и сите тие предмети биле во работа во извештајната година , решени се 275 предмети, останати за решавање 685 предмети.

На ниво на граѓанскиот оддел во кој се опфатени и разните вонпроцесни предмети ,извршните предмети,оставините и приговорите против налогот за извршување, останати од 2009 година биле 1275 предмети, ново примени во текот на извештајната во овој оддел се 5591 предмети, или вкупно во работа биле 6866 предмети од кој решени се 5700 предмети, или 83,о1%, а останале за решавање 1166 предмети , или 16,98%.

# АЖУРНОСТ

**АЖУРНОСТ НА СУДОТ**

Совладувањето на приливот на предметите, времето на решавање на предметите, бројот на старите нерешени предмети и месечниот заостаток на предметите ја чини ажурноста на судот.

а) Според критериумот совладување на приливот на предметите судот се смета за ажурен ако го совлада приливот на предметите во текот на годината.Од прегледот може да се заклучи дека од приливот во текот на годината во Основниот суд Кичево и тоа 12.940 предмети решени се 13.070

предмет или 101.% , што значи дека во извештајната година овој суд работел ажурно и го совладал приливот.



**б) .Ажурност спрема бројот на стари нерешени предмети.**

Спрема овој критериум за стари нерешени предмети се сметаат незавршените предмети кој за прв пат се заведени пред 2 години сметано од извештајната година

Стари нерешени предмети во кривичен оддело има 2 предмети , во граѓански оддел 16 предмети, имало 2 стари нерешени предмети - стечаи, како и 685 извршни предмети. Ова значи дека и во овој дел спрема овој критериум овој суд е ажурен. Имено се работи за предмети во поголем број само во извршната постапка, а причина за нерешавање на овие предмети е тоа што лицата против кој е насочено извршувањето се корисници на социјална помош, отежнато извршувањето да поголем дел од должинците се во странство и други објективни причини.

**в) Ефикасност и ажурност на судот спрема времето на решавање на заостатокот на предметите.**

Согласно овој критериум како апсолутно ефикасен суд ке се смета оној суд кој има заостаток на предмети кој предмети судиите можат да ги завршат во време до 3 месеци. Како ефикасен суд со месечен заостаток на предмети во работа за решавање до 6 месеци, релативно ефикасен суд до 1 година, а сите судови кај кој заостатокот на нерешени предмети изнесува над 1 година или повеке ке се смета како неефикасен суд.

Во прегледот се дадени нерешени предмети на 31.12.2о10 година а вкупно биле 2548 предмети, потоа даден е просек на решени предмети во текот на извештајната година за 1о,5 месеци. Вкупно решените 13.070 предмет со заостатокот на предметите од 2548 се подели ке се добие за кој временски период овој заостаток на предмети судиите ке можат да го завршат односно дали за 3 месеци, 2 месеци или 1 месец. Согласно овој критериум Основниот суд во Кичево е апсолутно ефикасен, бидејки заостатокот на предметите може да го реши за околу 2 месеци.

## КВАЛИТЕТ НА РАБОТА НА СУДОТ

**-КРИВИЧНИ ПРЕДМЕТИ ПРОТИВ ПОЛНОЛЕТНИ ЛИЦА**

Од вкупно решените 271 предмети , се обжалени 92 предмети или 33,94%, а необжалени останале 179 предмети или 66,05%.

Од вратените 87 предмети од второстепениот суд , потврдени се 47 или 54,02%, укинати 33 предмети или 37,93%, делумно укинат 1 предмет или 1,14% и преправени 6 предмети или 6,89 %.

./.



**ПРЕКРШОЧНИ ПРЕДМЕТИ**

Од вкупно решените 2364 прекршочни предмети обжалени се 262 предмети или 11,08 %, а необжалени останале 2102 предмети или 88,91%.

Од вратените 470 предмети од повисокиот суд потврдени се 276 предмети, или 58,72%, укинати 97 предмети или 20,63% , преиначени предмети 97 или 20,63% и 1 делумно укинат или 0,21%..

## ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ

**ПРОЦЕСНИ ПРЕДМЕТИ**

Од вкупно решените 775 предмети ( спор од мала вредност, имотни спорови, работни и семејни спорови и приговор против платен налог ) обжалени се 270 предмети или 34,48%, а необжалени останале 505 предмети или 65,16%.

Од вратените 405 предмети од второстепениот суд , потврдени се 254 предмети, или 62,71 %, укинати 122 предмети или 30,12 %, и 29 предмети се преиначени или 7,16%.

**ВОНПРОЦЕСНИ ПРЕДМЕТИ**

Од вкупно решените 71 предмети, физички делби, и останати ВПП, предмети обжалени се 24 предмети 33,8о% , а необжалени останале 47 предмети или 66,20 предмети, а вратени се од по жалба 22 предмети, од кои потврдени се 6 предмети или 27,27 % , 15 предмети се укинати или 68,18% и 1 преиначен или 4,54%.

**ОСТАВИНСКИ ПРЕДМЕТИ**

Вкупно во работа биле 394 предмети од кој 322 предмети се решени, и сите од страна на повереницитe на судот -Нотарите, а 72 предмети останале нерешени.

**ИЗВРШНИ ПРЕДМЕТИ**

Вкупно во работа биле 960 предмети , решени се 275 предмети останале нерешени 685 предмети. Од вратените 97 предмети од второстепениот суд, потврдени се 89% или 91,75% укинати се 8 предмети

или 8,24 %.

**ПРИГОВОР ПРОТИВ ПЛАТЕН НАЛОГ**
**./.**

7.-

Од вкупно решените 145 предмети, во 25 предмети поднесена е жалба, или во 17,24,% а 120 предмети останале необжалени или 82.76% . Од вратените 30 предмети од второстепениот суд потврдени се 28 предмети или 93,33,%, а 2 предмети се преиначени или 6,66%,

Работата во Основен суд Кичево во извештајната година се одвиваше преку следните оддели:

**-КРИВИЧЕН ОДДЕЛ**
**-ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ**
**-ОДДЕЛ ЗА СУДСКА ПРАКСА**
**- ОДДЕЛ ЗА СУДСКА УПРАВА**

Во кривичниот оддел на кој претседател беше судијата Флутурие Дервиши, работеа 7 судии, вклучувајќи го и Претседателот на судот.

- Претседателот на судот **Баки Алили** на оваа функција беше избран од 15.03.2010 година, а како судија во овој суд е избран од 2008 година, работеше како кривичен судија па и како Претседател на судот , работеше во кривичниот оддел. И во извештајната година нема отсаствувано од работа, поради боледување или друга причина. Постапуваше по кривични предмети за полнолетни лица, Претседател на кривичен совет, постапуваше и по приговорите против налог за извршување од извршителот на територијата на Општина Кичево и Гостивар, постапуваше по по предметите судска управа меѓу кои и по поднесените поплаки и претставки.

**Драги Билески**- Истражен судија и Заменик на претседателот на судот. Од 1979 година е избран за судија во тогашниот Општински суд Кичево и истиот ја продолжи таа работа и во извештајната година, а исто така постапуваше и по прекршочни предмети.Во извештајната година нема отсаствувано од работа поради боледување или друга причина

-**Мира Анѓелеска -** судија избрана за судија во овој суд 1996 година,беше Претседател на судот од 2006 година , па се до 28.02.2010 година . Во извештајната година работеше во кривичниот оддел и постапуваше по кривични предмети за полнолетни лица и како член на кривичен совет. Во извештајната година нема отсаствувано од работа поради боледување или друга причина.

- **Лазам Лазами**-Избран за судија во овој суд од 1996 година . Постапуваше по прекршочни предмети , како судија за извршување на санкции до април 2010 година и како член на кривичен совет.Во извештајната година нема отсаствувано од работа поради боледување или друга причина.

./.



-**Танче Софронијоски** - судија избран на 4.12.198o година како судија за прекршоци, а од 1996 година како судија во тогашниот Општински суд Кичево. Во извештајната година работеше исклучиво како прекршочен судија и како член на кривичниот совет. Во извештајната година нема отсаствувано од работа поради боледување или друга причина.

-**Флутурије Дервиши**-судија избрана за прв пат на 18.05.2005 година , во извештајната година исклучиво работеше во кривичниот оддел и постапуваше по кривични предмети за полнолетни лица, и како член на кривичен совет. Во извештајната година нема отсаствувано од работа поради боледување или друга причина, а од 13.12.2010 година се најдува на породилно отсаство.

-**Билјана Кижеска -** судија и судија за извршување на санкции. Избрана за судија во овој суд на 25.03.2010 година.Во извештајната година работеше исклучиво по прекршочни предмети, од април 2010 година и како судија за извршување на санкции и како член на кривичен совет.Во извештајната година нема отсаствувано од работа поради боледување или друга причина.

Во граѓанскиот оддел (вонпарничен и извршен оддел) работеа 7 судии , како претседател на оддел е судијата Јованка Стојаноска.

-**Јованка Стојаноска** -Претседател на граѓански оддел, првпат е избрана за судија 1990 година, а во 1996 година е реизбрана за судија во овој суд.Во извештајната година исклучиво работи во граѓанскиот оддел и (вонпарничен оддел). Во извештајната година нема отсаствувано од работа поради боледување или друга причина.

-**Ванко Стојаноски**-Судија од 1983 година до 1986 година, а од 1996 година па и во извештајната година е судија во Основен суд Кичево и исклучиво работеше во гранскиот оддел и (вонпарничен оддел). Во извештајната година нема отсаствувано од работа поради боледување или друга причина.

-**Јагода Никодиноска** -судија е избрана 1997 година.Во извештајната година работи исклучиво во граѓанскиот оддел и (вонпарничен оддел). Во

извештајната година нема отсаствувано од работа поради боледување или друга причина.

-**Драган Атанаскоски**-судија е избран 1997 година.Во извештајната година работи исклучиво во граѓанскиот оддел и (вонпарничен оддел). Во извештајната година нема отсаствувано од работа поради боледување или друга причина.

./.



-**Миле Анѓелески** -судија избран е 1996 година. Во извештајната година работи исклучиво во граѓански оддел и (вонпарничен оддел). Во извештајната година нема отсаствувано од работа прорадии боледување или друга причина.

-**Драган Миноски**- извршен судија , избран е 1999 година.Во извештајната година работи во граѓанскиот оддел и како извршен судија. Во извештајната година нема отсаствувано од работа поради боледување или друга причина.

**- Амдије Зенку**- судија , избрана за судија во Основен суд Кичево на 25.03 2010 година .Во извештајната година работеше исклучиво на граѓанска материја. Во извештајната година немаше отсаствувано од работа поради боледување или друга причина .

## ОЦЕНКА ЗА РАБОТА НА СУДОТ

Во тековната 2010 година врз основа на донесената Програма за работа на Основниот суд Кичево која беше усвоена на седницата на судии , постојано се следеше вкупната работа на Основниот суд Кичево, се разгледуваа појавените проблеми во работењето, и тоа најпрвин во одделите како на граѓанскиот така на кривичниот оддел, кој оддели одржуваа седници еднаш месечно, а кога имаше потреба да се расправа за одредени правни прашања одделите одржуваа седници и повеќе пати во месецот спрема потребата, со преземање на мерки за надминување на состојбата со посебен осврт на старите нерешени предмети, а и на заостанатите извршни предмети, што сметаме дека во целост се прилагодувавме и одлучувавме согласно Програмата, посебно во решавањето на стари нерешени предмети можеме да кажиме дека со успех ги надминавме овие состојби бидејки како стари нерешени предмети останаа само 2 од кривичен оддел и 16 и тоа од граѓанската област, со исклучок на извршните предмети.

При тоа треба да се нагласи дека во текот на спроведување на постапката по предметите судиите се соочуваа со разни проблеми , а посебно за неуредна достава која се врши по селата и надвор од подрачјето

од причини што надлежноста на овој суд опфака 1/6 од територија на Република Македонија, а од страна на Министерството за правда одредени села не се опфатени со нивни доставувачи кој ни помагаа во доставата, а трошоците за достава преку Македонски пошти беа преголеми.

Исто така во определен дел на предмети посебно кај истражните и кривичните предмети долгиот период на изготвување на вештачењата беа причини за ненавремено и недоволно постапување по овие предмети.

./.

10.-

**ФИНАНСИРАЊЕ И ОПРЕМА НА СУДОТ**

Во текот на извештајниот период Основниот суд во Кичево обезбедуваше средства за своето работење од страна на Буџетот на Република Македонија. Овде треба да се напомене дека по однос на материјално финансиското работење 2010 година ја заршивме со неизмирени обврски од 1.803.195,00 денари што значи дека за разлика од предходната година 2010 имаме поголеми неизмирни обврски. Само на ставка 425 од каде се исплаќаат поротници, адвокати, вешти лица ,осигурување имаме обврски од 1.088.162,00 денари , а на ставка 421 (нафта, пошта, струја ,комунални услуги, и др.) имаме неимирени обврски од 631.389,00 денари.Зголемувањето на неизмирените обврски се должи на фактот што одобрениот План за буџетот за 2010 година за Основен суд Кичево беше драстично намален за разлика од предходната година.

Во извештајната година судот работеше со 14 судии вклучувајќи го и Претседателот на судот.

Посебно треба да се нагласи дека во овој суд во извештајната година беше пополнето работното место информатичар , кој многу допринесе во работењето на Акмис програмата, но мора да се има во предвид фактот дека компјутерската опрема во судот е застарена и често пати доаѓа до прекин во програмата се случуваше и да дојде до блокирање на програмата во текот на судењето, а еден таков дефект имаше од 09.12.па се до 23.12 2010 година што допринесе да две недели не можеа да се заведат новопримените предмети , па за и крајот на извештајната година да има останато поголем број на нерешени предмети.

По однос на човечките ресурси односно административниот персонал вкупно вработени има 51, вклучувајќи ја судската полиција како и вработените согласно Закон за работни односи, па од 01.01.2009 година кога влезе во сила Законот за судска служба административниот персонал доби статус на судски службеници.

Напоменуваме дека голем број на административниот персонал е во поодминати години, па во извештајната година постојано имаше лица кои

беа на боледување , а и крајот на 2010 година беше на боледување вишиот референт водител на писарница. Недостатокот од судски административен персонал дактилографи иако согласно систематизација ни се предвидени 18 работни места, а пополнети се 14, некако го пополнувавме со времено вработени лица кои таа работа ја обавуваа со волонтерски договор бидејќи во извештајната година овој суд не беше опфатен да прими лица како времено вработени преку Агенција за привремени вработувања, иако повеќе пати баравме до Стручната служба при Судскиот буџетски совет да ни одобрат вработување на ваков кадар ,

./.



приморани бевме тие лица да ја обавуваат дактилографската работа преку волонтерски договори , а имаше и неколку месеци да ја обавуваат таа работа без никаков надоместок.

Согласно новата систематизација за работни места предвидени се 98 работни места за судски службеници вклучувајки ги тука судската полиција и вработените согласно Законот за работни односи, па сметаме дека во текот на 2011 година ќе треба да се пополнат поголем дел од нив, од друга страна и три лица во почетокот на 2011 година ќе заминат во пензија .

Треба да се има во предвид дека поголем дел од предвидените работни места не се потполнети, а посебно стручните работни места - советник, виш соработник, стручен соработник, приправник, а од административните работни места не се пополнети работните места дактилографи, архивар, самостојни судски референти, судски референти извршители и други административно технички службеници за да може нормално и секојдневно да функционира судот.

Во извештајната година од предвидените 8 работни места стручни соработници беа пополнети 4, и истите беа распоредени кај тројца судии, нивниот придонес во работењето е од големо значење бидејќи истите многу придонесоа во спроведување на Акмис системот посебно во анонимизарање на одлуките.

По однос на просторните услови за работа на овој суд има потреба од воведување шалтерски систем , реконструкција на фасадата на судот, вовдување на видеонадзор, оградување на паркинг простор , кои барања неколку години се доставани до Судски буџетски совет, но согласно капиталните инвестиции за 2010 година одобрени ни беа средства само за нова централа во истите просторни услови .

Во текот на 2010 година поточно од април месец се почна со применување на Законот за двојазичност и се применува округли

двојазичен печат , согласно Законот за печат на РМ и печатите на државните органи на РМ.

По однос на техничката опременост на судот , компјутери, печатачи треба да се нагласи дека компјутерската опрема е застарена, а со воведувањето на Акмис системот има потреба од понова и побрза компјутерска опрема.

ПРИЛОГ: 16 -Табели.